ИСОС
Република Македонија
Институт на Сметководители
и Овластени Сметководители

Институт на сметководители и овластени сметководители
Ул. Ѓуро Стругар бр.5, кат 1. лок 132/133,
Скопје, Република Македонија

ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0302/1152-112
31.12.2020 год.
СКОПЈЕ

До

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Булевар Илинден,1000 Скопје

За: Заменик на Претседателот за економски прашања Г-дин Фатмир Битиќи

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: | 32 12 2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| | | | |

**Копија: МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Ул. Даме Груев бр.2, 1000 Скопје

- Сектор финансиски систем

За: Г-ѓа Ленче Тагасовска

Предмет: Барање

Почитувани,

До Институтот на сметководители и овластени сметкводители од страна на членови сметководители и овластени сметководители и правни лица за вршење на сметководствени работи, доставени се бројни писмени и усмени барања во врска со пролонгирање на законски рокови утврдени со позитивните законски прописи кои се однесуваат на деловните субјекти-обврзници и даночните обврзници, за што веќе ги известивме Централниот регисер на РСМ и Управата за јавни приходи на РСМ.

Имено, нашите членови бараат од ИСОС како нивни законски застапник до надлежните институции да доставиме барање за пролонгирање на рок за достава на Годишни сметки и Финансиските извештаи; пролонгирање на рок за достава на ДДВ-04 пријави; како и пролонгирање на законскиот рок за достава на Даночниот биланс за 2020 година.

Барањата ги поднесуваат поради отежнатите услови за работа поради пандемијата со корона вирусот Ковид-19, зголмените обврски кои се создадоа со имплементирање на пакет мерките за поддршка и справување со последиците од корона вирусот, како и чести појави на заболени лица или лица во самоизолација меѓу сметководителите и овластените сметководители.

Во таа насока Инститиутот на сметководители и овластени сметкводители го доставува ова барање со надеж за разбирање и постапување од Ваша страна.

Ви благодариме

Со почит,

Институт на сметководители и овластени сметководители

Претседател,

М-р Ленче Папазовска